

# ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СТОПАНСКАТА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА

*Содржина*


*Вовед* 2
*1. Основни економски индикатори* 3
*2. Компонентите на БДП* 4
*3. Надворешно-трговска размена* 5
*4. Странски директни инвестиции (СДИ)* 7
*5. Карактеристики за германската економија* 8



*Јануари 2020*

# ВОВЕД

Актуелната економска соработка меѓу Република Северна Македонија и СР Германија потврдува дека големината на економијата не е спорна за добра економска соработка меѓу малите и големите земји, односно национални економии, како што е примерот меѓу Германија - високо развиена земја и Северна Македонија, транзициона земја во развој, иако двете земји согласно нивниот степен на развој се со различни агенди и приоритети.

Така, на пример, додека за Северна Македонија приоритет е зголемувањето на економската основа и постигнување на одржливи позабрзани стапки на раст, за Германија, согласно владината агенда, приоритет се: обезбедување одржлив среднорочен буџетски суфицит, зголемено инвестициско трошење, обезбедување и натамошен напредок во агендата „Индустрија 4.0", односно четвртата индустријализација.

Билатералните односи помеѓу Република Северна Македонија и Сојузна Република Германија ги карактеризира интензивен политички дијалог и значајна динамика во соработката во сите области. Бројните реализирани посети на високо и највисоко ниво, како и редовните средби меѓу парламентите на двете земји исто така придонесуваат кон добрите политички односи.

Како земја-членка на Европската унија и мотор на европското обединување, Германија е значаен партнер во процесот на европските и евроатлантски аспирации на Република Македонија. Преку разни регионални проекти за ЕУ, Германија дава поддршка на напорите на Македонија за исполнување на условите и спроведување на реформите од европската агенда, неопходни за влез во ЕУ.

Германија е традиционално еден од најзначајните трговски партнери на Македонија, односно прв трговски партнер во 2018 година со трговска размена од 4,3 милијарди САД $, која учествува со 26,9% во вкупната трговска размена на Македонија со светот и скоро 38% во рамките на ЕУ. Во однос на истото, РСМ е во тековен суфицит во трговската размена со Германија, каде во последниве 7 години го достигна својот плафон токму во 2018 година и тоа во износ од 2,2 милијарди САД $.



# 1. ОСНОВНИ ЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ

## Бруто домашен производ

Мерено според големината на бруто домашниот производ (БДП), како мерка за економската активност на една земја, со остварен БДП од 2.751.786 милиони САД долари (по постојани цени од 2010 според УНКТАД) во 1992 година, германската економија била поголема за околу 434 пати, а во 2018 година за околу 349,4 пати од македонскиот БДП во наведените години.

Поедноставно кажано, македонскиот БДП во вредност од 6.324 милиони САД долари, остварен во 1992 година, претставува само 0,23%, а во 2018 година, во вредност од 11.240 милиони САД долари претставува само 0,29% од германскиот БДП.

**Табела 1: БДП**
(во милиони САД долари по постојани цени од 2010 година според УНКТАД)

| Година | Германија | Македонија | Индекс | Мкд БДП како % од германскиот БДП |
|---|---|---|---|---|
| **1992** | 2.751.786 | 6.324 | 43.513 | 0,23 % |
| **2002** | 3.176.873 | 6.904 | 46.015 | 0,22 % |
| **2012** | 3.559.587 | 9.583 | 36.761 | 0,27 % |
| **2018** | 3.938.244 | 11.240 | 35.038 | 0,29 % |
| **Пораст 2018/1992, во %** | 43,12 | 77,74 | / | / |

*Извор: УНКТАД*

Во 2018 година македонскиот БДП како процент од германскиот БДП истата година, бележи зголемување од само 0,06 процентни поени во однос на истиот од 1992 година, како резултат на позабрзаната стапка на раст на македонскиот БДП во изминатите 26 години.

**1.2.** Податокот **за БДП по жител**, како прв мерлив резултат за конкурентноста на една национална економија, ни покажува дека во 1992 година германскиот БДП по жител е повисок од македонскиот за 9,82 пати, а во 2018 година е повисок за 7,79 пати од македонскиот **(Табела 2).**

Едноставно прикажано, македонскиот БДП по жител во вредност од 3.180 САД долари (постојани цени 2010), во 1992 година **претставува само 9,2%, а во 2018 година 11,4% од германскиот БДП** по жител во наведените години, што укажува на ниската национална конкурентност на македонската во однос на германската високо конкурентна национална економија **(Табела 2).**

**Табела 2: БДП по глава на жител, стални цени 2010 година во САД долари**

| | Германија | Македонија | ИНДЕКС | Македонскиот БДП по жител како % од германскиот БДП по жител |
|---|---|---|---|---|
| **1992** | 34.413 | 3.180 | 1.082,2 | 9,2 |
| **2002** | 38.963 | 3.370 | 1.156,2 | 8,6 |
| **2012** | 43.960 | 4.751 | 925,3 | 10,8 |
| **2018** | 47.378 | 5.391 | 878,5 | 11,4 |

*Извор: УНКТАД*

## 2. КОМПОНЕНТИТЕ НА БДП

Германија се карактеризира со многу поволна структура во компонетите на БДП според расходниот модел - финална потрошувачка од 72,3% во 2017 година (Македонија 81%), со 20,4% учество на бруто инвестициите во основни средства, со суфицит во надворешно-трговската размена додека Македонија е со дефицит во надворешно-трговската размена (55,4 учество на извозот, а 69,2% учество на увозот во БДП, или за 13,8 процентни поени повисоко учество на увозот од извозот во БДП).

- **Автомобилска индустрија** - Германија учествува со 31,5% од европското производство на автомобили по вредност, а потоа следува Шпанија со пазарен удел од 12,7%. Производството на автомобили во Германија се очекува да достигне 5,4 милиони единици во 2023 година, за 4,7% повеќе отколку во 2018 година. Аналитичарите предвидуваат дека германското производство на автомобили ќе достигне 101,9 милијарди евра во 2023 година, што претставува зголемување од 4,6% од 2018 година.

- **Хемиска индустрија** - Германија има четврта најголема хемиска индустрија во светот зад САД, Кина и Јапонија, а како сектор е трет по големина или веднаш зад автомобилскиот и електро и машинскиот сектор. Германија е исто така еден од најважните пазари за истражување и развој на хемиската индустрија ширум светот. Во 2018 година германските хемиски компании ги зголемија трошоците за истражување на околу 4,7 милијарди евра.

- **Услужниот сектор** придонесува со 68% од БДП и е водечки работодавач во земјата, вработувајќи околу 71% од работната сила. Растот на услужниот сектор во последниве години главно се должи на високата побарувачка за деловни услуги и развојот на нови технологии. Германската економија во голема мера зависи од широката мрежа на мали и средни претпријатија (МСП) кои се поврзани со меѓународното опкружување.



## *3. НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Сојузна Република Германија е најголем и најважен трговски партнер во надворешно-трговската размена на Македонија, а зад неа се Грција, Велика Британија и Србија.

**Табела 3: Надворешно-трговска размена на Македонија**

| | 1992 | 1997 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупна надворешно-трговска размена на Македонија со светот (во милиони САД долари) | 2.405 | 3.015 | 3.416 | 5.275 | 8.826 | 10.957 | 15.960 |
| Надворешно-трговска размена на Македонија со Германија (во милиони САД долари) | 410,6 | 438 | 510,8 | 702,1 | 1.325,9 | 2.800,9 | 4.298,5 |
| Учество на надворешно-трговската размена со Германија во вкупната надворешно-трговска размена на Македонија (во %) | 17,1 | 14,5 | 14.9 | 13,3 | 15 | 25,6 | 26,9 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Набљудувано во релативни големини, учеството на размената со Германија во вкупната размена на Македонија со светот од 17,1% во 1992 година, секоја година постепено се намалува до 2005 година, а во периодот од 2010/ 2018 година постепено се зголемува и заклучно со 2018 година над ¼ од вкупната надворешно-трговска размена се одвива со оваа земја или процентуално 26,9%.



Република Германија е многу важна земја за македонскиот извоз и се вбројува во традиционално најважни пазари за Македонија. Во скоро сите години од осамостојувањето Германија е на прво место според извозот на Македонија, а во 2018 година учествува со 47% во вкупниот извоз (Табела 3), а истата динамика продолжува и во 2019 година.

**Табела 4: Македонскиот извоз**

| | 1992 | 1997 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен извоз од Македонија (во милиони САД долари) | 1.199 | 1.237 | 1.323 | 2.042 | 3.351 | 4.530 | 6.908 |
| Извоз на Македонија во Германија (во милиони САД долари) | 239,2 | 199 | 257,5 | 364.2 | 712,4 | 1.993,6 | 3.248,1 |
| Учество на извозот во Германија во вкупниот извоз на Македонија (во %) | 19,9 | 16,1 | 19,5 | 17,8 | 21,3 | 44 | 47 |

*Извор: ДЗС*

Карактеристично за структурното учество на нашиот извоз е дека до 2010 година доминираат производите од пониско доходовните и трудоинтензивните гранки, од кои најголем дел од текстилната, кожарската и други сродни индустрии. Но, веќе од 2011 година во извозот кон Германија спрема најголемо номинално учество зазеаат средно и високо технолошко интензивните и повисоко доходовните гранки од делот на металургијата, електро и металната индустрија, прехранбената, хемиската и други, а особено како полуготови или готови проиводи со повисока додадена вредност.

Во набљудуваниот период, **вкупниот увоз на Македонија** го карактеризира побавна динамика на раст од извозот, што резултира со перманентен надворешно-трговски суфицит.

**Табела 5: Македонскиот увоз**

| | 1992 | 1997 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен увоз во Македонија (во милиони САД долари) | 1.206 | 1.779 | 2.094 | 3.233 | 5.474 | 6.427 | 9.052 |
| Увоз на Македонија од Германија (во милиони САД долари) | 171,4 | 239 | 253,3 | 336,1 | 613,5 | 807,3 | 1.050,4 |
| Учество на увозот од Германија во вкупниот увоз во Македонија (во %) | 14,2 | 13,4 | 12,1 | 10,4 | 11,2 | 12,6 | 11,6 |

*Извор: ДЗС*

Надворешно-трговската размена на Македонија со Германија по правило сите години резултира со суфицит на македонската страна, којшто варира по својата големина. Суфицитот во трговската размена во 2018 година е во износ од 2,2 милијарди САД$, кој во однос на 2017 година е зголемен за 29,4%, а таквата тенденција продолжува и во 2019 година каде за деветет месеци суфицитот изнесува 1,8 милјарди САД$.

# 4. СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ (СДИ)

Република Северна Македонија може да се карактеризира како земја со недоволен раст на инвестиции, а посебно како земја со ниско ниво на инвестиции во споредба со другите европски земји.

**Табела 6: Состојби на СДИ од Германија во Македонија, во милиони евра**

| Кумулиран износ на СДИ од Германија во Македонија, во милиони евра | | |
|---|---|---|
| Период | Германија | % на учество во вкупните СДИ во РСМ |
| 1997 | 9,3 | 6,6 |
| 2000 | 50,2 | 8,7 |
| 2005 | 64,1 | 3,6 |
| 2010 | 71,3 | 2,2 |
| 2015 | 190,7 | 4,3 |
| 2018 | 320,8 | 6 |

Извор: НБРМ

Вкупните странски директни инвестиции од Германија во Република Северна Македонија за периодот од 1997 - 2018 година изнесуваат 320,8 милиони евра и истите заклучно со 2018 година учествуваат со 6% во вкупните странски директни инвестиции во државата кои изнесуваат 5.307 милиони евра.



# 5. КАРАКТЕРИСТИКИ ЗА ГЕРМАНСКАТА ЕКОНОМИЈА

Германија е најиндустријализирана земја во Европа и нејзината економија е многу разновидна. Во индустрискиот сектор доминира автомобилската индустрија, додека други важни индустрии ги вклучуваат машинството, производството на електрична и електронска опрема и хемиската индустрија.

Германија е најголемата економска моќ во Европа и четврта по големина во светот, со стапката на невработеност од 3,4% во 2018 година. Просечната бруто-месечна плата во Германија на крајот на 2018 година изнесуваше 3.899 евра, а минималната е 9,2 евра на час.

Таа е водечки извозник на хардвер, автомобили, хемикалии и апарати за домаќинство. Германија има развиен пазар на труд, квалификувана работна сила и добро развиена инфраструктура. Како и повеќето други европски земји, Германија главно тргува со соседните земји, а блиски европски трговски партнери се Франција, Велика Британија, Холандија и Италија, при што Кина и САД играат важна улога.

Превозот во Германија повеќе се одвива по патна инфраструктура каде во овој сегмент се остварил приход од 64,4 милијарди евра во 2017 година, што претставува 82,4% од вкупната вредност на секторот.

Покрај патната мрежа, Германија има многу добро развиена железничка мрежа. Во 2017 година, обемот на стока што се носи со железница за прв пат надмина 400 милиони тони. Во 2017 година, 299,5 милиони тони стоки беа пренесени преку море. Главните германски пристаништа се Хамбург, Вилхелмсхавен, Бремен, Росток и Либек.

-Германскиот пазар на мало е најголем во Европската унија, односно во 2017 година достигна 513,3 милијарди евра, а во 2018 година 523 милијарди евра.




-Цената е одлучувачки критериум при купување основни производи. Во професионалните добра, сепак, тие главно се фокусираат на квалитет, сигурност, услуги на добавувачи и услуги за пост-продажба.

-Германците сакаат да купат производи што се еколошки, одржливи, еколошки и здрави. Тие сакаат да купуваат преку каталози и преку Интернет.

Германскиот пазар е високо конкурентен и, како што знаат претставниците на македонските компании, во контекст на проширување на постојната трговска размена и соработка, високата технологија и квалитетните производи се синоним за германската економија долги години.

# Како до поголема економска соработка меѓу двете земји?

Сојузна Република Германија е стратешки економски партнер на Република Северна Македонија. Економската соработка помеѓу двете земји е на високо ниво и Сојузна Република Германија е прв трговски партнер, а продлабочувањето на економската соработка е одлична можност од чија реализација корист би имале компаниите и потрошувачите од двете земји. Притоа, важна поткрепа за економски раст дава одличната политичка соработка помеѓу двете земји, каде Германија е силен поддржувач на евроинтеграциските заложби на Македонија.

Унапредувањето на економската соработка помеѓу двете земјите е од особено значење за развојот на поширокиот регион на Југоисточна Европа, како дел во кој припаѓаме, каде постои голем потенцијал за интензивирање и продлабочување на досегашната соработка меѓу бизнис-заедниците, особено во делот на иновациите, образованието, новите технологии и подобрувањето на услугите и производите за полесен пристап на трети пазари. Но тука се поставува прашањето: како до поголема економска соработка, а вооедно и со земјите од регионот на Западен Балкан и кои предуслови треба да се исполнат за таа да се зголеми?

Од досегашната соработка, особено имајќи предвид дека Германија е наш прв надворешно-трговски партнер очигледно е дека германските компании веруваат во потенцијалот на македонската економија и го сметаат економскиот амбиент за атрактивен.

- Дека фокусот се насочува кон Германија како стратешки партнер зборува и статистиката, според која Македонија сите години има суфицит во размената со Германија, а постои оптимизам не само поради позитивните искуства на германските инвеститори во земјата, туку и прогнозите дека најголемата економија во Европа се движи во позитивна насока. Во земјата успешно функционираат околу 200 компании со германски капитал, коишто вработуваат близу 20 илјади лица, со трговска размена што изнесува над 4 милијарди САД долари, со реални изгледи таа да продолжи да расте. Најдобрите препораки за инвестирање во нашата земја доаѓаат од компаниите што веќе работат во Северна Македонија, каде најголем дел од германските инвеститори покажуваат подготвеност повторно да инвестираат.

- Друга област на соработката е во изградбата на инфраструктура, во проекти со особена важност за квалитетот на животот на граѓаните, каде имаме голема поддршка од финансиските институции од СР Германија. Во рамки на билатералната соработка, Германија има инвестирано 368 милиони евра во нашата земја преку KFW развојната банка. Во рамки на оваа соработка реализирани се бројни проекти, а во моментот во имплементација се: втората фаза од Ветерниот парк „Богданци", „Топлификација" - Битола, втора фаза на Проектот „Наводнување на Јужната долина на реката Вардар", фаза 2.

- Соработката и размената може да се зголемат и преку поголема активност на веќе формираниот Мешовит управувачки комитет меѓу владите на Република Северна Македонија и СР Германија, тело кое е формирано на германска иницијатива, а во насока на интензивирање на соработката на двете земји во економското поле. Целта на заедничкиот управувачки комитет е да ја забрза и да ја подобри соработката на економско поле меѓу двете земји, каде комуникацијата треба да биде подиректна, полесна и поедноставно да се надминуваат административните и бирократските бариери. Тоа би довело до зголемување во делот на индустриското производство, односно обезбедување поголем извоз на македонски производи на германскиот пазар, како и поинтензивен трансфер на знаења и технологии во нашата земја.

- Од големо значење е продолжување и поттикнување на инфраструктурните инвестиции во енергетскиот сектор, каде преку Законот за енергетика се отвораат нови можности за инвестиции и соработка во обновливи извори на енергија со што ќе се придонесе за заштита на животна средина и поголема енергетска независност, како и услуги од областа на фотоволтаиците и складирање енергија, дејности за кои фирмите од двете држави може да најдат решенија за понатамошна соработка.
- Со цел засилување на присуството на германските компании во Македонија, пред се` како инвеститори, еден од предусловите за влез на пазарот е постоењето квалификуван кадар. Со цел да се излезе во пресрет на потребите на пазарот на трудот, во Македонија почна да се спроведува дуалното образование. За таа цел, неопходна е соработка во областа на образованието, каде што ќе се пренесат позитивните практики од германската страна за практично образование, образование кое е насочено кон индустријата и создавање на квалификуван кадар за потребите како на странските така и на домашните компании.
- Секако дека постои интерес на понатамошно интензивирање на билатералната соработка и зголемување на бројот на развојни проекти планирани во иднина, особено на полето на: економскиот развој, вклучително и трансферот на технологии; животната средина; локален и регионален развој; туризам и истражувањето и иновациите. За таа цел, потребни се заеднички проектни активности во насока на промовирање на земјата и привлекување на поголем број германски инвестиции, вмрежување на македонската бизнис-заедница со потенцијални партнери од Германија, промоција на извозните активности на македонските компании на германскиот пазар, како и подигање на капацитетите и подобрување на реалниот сектор, со што ќе се придонесе за раст на економиите на двете земји.
- Германија и Македонија имаат потенцијал за поголема соработка и во областа на заштита на животната средина, здравството и социјалните работи.

Во целина, за македонските компании е важно во рамките на соработката со германските компании да можат да го унапредат своето производство со нови технологии, инвестиции, знаење (know how) и отворање можности за заеднички настап на нови трети пазари, а тоа ќе овозможи зголемување на потенцијалите за извоз на македонските компании и на конкурентноста.

Германскиот пазар нема бариери за увоз на македонски производи, но она што во многу наврати, во можностите за соработка, се забележува е недостигот на соодветни стандарди коишто македонските компании треба да ги исполнат за да можат да бидат конкурентни на пазарите во Европа и пошироко.

Вложувањето на максимални напори од страна на сите чинители за поголема економска соработка меѓу Македонија и Германија ќе резултира со можност за уште поголемо поврзување на најдобрите претприемачи од двете земји, нивни конкретни заеднички активности и поголем прогрес на сите.